61760

ШПИЦ
Вторник 5 мај 2009

876, 10,

# Тодоровиќ ќе излее 10 милиони евра на плоштад

**Македонскиот војсководец ќе стои на постамент од 10 метри и ќе биде висок 12 метри. Останатите споменици ќе бидат високи околу 5 метри, на постаменти од 3 метри**

СПОМЕНИКОТ на Александар Македонски, кој треба да биде поставен во централниот дел на плоштадот „Македонија" во Скопје, ќе чини 4,4 милиони евра. Вкупно за сите спомен-обележја што ги нарача општина Центар ќе бидат исплатени 10 милиони евра, пари обезбедени од даночните обврзници. Тоа вчера го кажа новиот градоначалник на централната скопска општина Владимир Тодоровиќ.

За изработката на спомениците, како што информира, е задолжена специјализирана леарница од Фиренца, која ќе ги лее спомениците во бронза, затоа што леарниците во регионот биле со послаб капацитет.

Вкупно ќе бидат поставени 16 скулптури од 26 автори, а се очекува спомениците да бидат готови најдоцна за три години.

- Скулптурата на Александар Македонски на плоштадот ќе чини 4,4 милиони евра. Лавовите, кои ќе бидат изработени во бронза, се со должина од 5 и 6 метри и висина од 5 метри, а ќе чинат 1,1 милион евра. Спомениците на Гоце Делчев и на Даме Груев заедно ќе чинат 850.000 евра - рече на вчерашната прес-конференција градоначалникот Тодоровиќ.

Тој вели дека скоро сите споменици ќе бидат со постамент од 3 метри, а висина на спомениците ќе изнесува околу 5 метри. Македонскиот војсководец, кој ќе стои на постамент од 10 метри и ќе биде висок 12 метри.

На територијата на Центар, меѓу другите, ќе бидат поставени и споменици на Никола Карев, на просветителите Климент и Наум, на светите браќа Кирил и Методиј, на царот Јустинијан и на гемиџиите.

Тодоровиќ вели дека најпрво ќе бидат поставени спомениците на лавовите и на македонските револуционери Гоце и Даме. Во општината планираат и мермерни споменици на цар Самоил и на Методија Андонов-Ченто, за кои сѐ уште не е определена локација. П.Р.